# МАКЕДОНСКИ
# РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР
# ДОО СКОПЈЕ

***Финансиски извештаи за 2005 година***

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**
**ДО**
**СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НА**
**ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ**

Врз основа на Ваше барање, извршивме ревизија на финансиските извештаи на Винарска Визба ТИКВЕШ АД Кавадарци (Друштвото) за годината која завршува на 31.Декември 2005 година. Под финансиски извештаи се подразбираат Билансот на успех, Билансот на состојба, Извештајот за паричните текови, Извештајот за промените на капиталот и Образложенијата кон финансиските извештаи

Финансиските извештаи, заедно со образложенијата кон истите, се одговорност на раководството на Друштвото. Наша одговорност е да дадеме мислење за финансиските извештаи, базирано на извршената ревизија.

Финансиските извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31.Декември 2004 година беа ревидирани од страна на друго ревизорско друштво, чиј што Извештај издаден на 8 Април 2005 година искажа мислење без резерва (позитивно мислење) за финансиските извештаи, со обрнување внимание на судскиот спор со Министерството за финансии - Сектор за управување со средства.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие бараат да ја планираме и подготвиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјано значајни погрешни прикази. Ревизијата вклучува испитувања на евиденциите врз база на тестирање, проценка на сите користени сметководствени принципи, како и оценка на општата презентацијата на финансиските извештаи. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за издаденото мислење.

Според наше мислење, приложените финансиски извештаи реално и објективно, во сите материјални аспекти, го прикажуваат финансискиот резултат, финансиската состојба, промените во паричните текови, како и состојбата и промените на капиталот за годината која завршува на 31.Декември 2005 година на Винарската Визба ТИКВЕШ АД Кавадарци, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 20.Април 2006 година

| **Овластен ревизор** | **Директор** |
|---|---|
| Антонио Велјанов | Антонио Велјанов |

*Друштво за ревизорски, сметководствени, финансиски и консалтинг услуги*
*Македонски Ревизорски Центар ДОО - Скопје*
*М. Х. Јасмин 20, 1000 Скопје, Република Македонија*
*Тел./Факс: +389 02 32 14 706;+389 2 32 14 707*